


***Празната улица на Њујорк Тајм сквер, 2020: covid-19 владее***

*Сношти минав покрај вази, / тебе моме не те најдов, / срце ми се растрепери, / почнав солзи да ронам.*
*Сечи моме руси коси, /прави скала да се качам, / да ти видам бело лице, ем рудото ти грло.*

Македонска народна песна

Не ја губам гордоста ако плачам и се плашам да не ми те загубам. Срце ми се растрепери, тешко дишам... Знам, и ти, сокриена се виеш одвоена од светот. Дал' здравјето сега ти го пие болеста од пирамидно време развивана, ил' микроби, милијарди години под морски дна, и по пештери - сега активирани во темни тајни. *Кажи моме вистината,* Божје право имам ли, убавина пречиста да ти видам, па да умрам. И сон и јаве ми кажаа: Македонка си. И одвоени – сега, љубовта ме зема.

Срцето ми - за тебе граници однема, а граници... и по небо и по земја секаде - библиски, научни. Граници има, и меѓу бескраен рај и роден крај, едни во други се, оти различни сме. Како и кулите, македонски и Вавилонски, спротивни по Мудрост и Добрини. Граници ќе има и овој вир на вируси од други страни подло испуштани преку брани. А ние без одбрани?! *Сал с' Бог сме*, секој во своето гнездо, Љубена, чувај ми се. *Руси коси не сечи, скала правам сам, од срцето мое - до тебе...*

